Република Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

**УПАТСТВО**

**ЗА НАЧИНОТ НА ПОСТПУВАЊЕ ПО БАРАЊА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА СТАВАЊЕ НА ВИНО ВО ПРОМЕТ**

**Арх.бр. 02 - 21081/2**
**Дата: 21.11, 2013**
**Скопје**

**Потпис,**
**МИНИСТЕР**
**Љупчо Димовски**

**Печат:**

*Оригиналот е заверен во четири примероци*

*Содржина*

***I. ОПИС НА ПРАВЕН ОСНОВ*** 2

***II. АПЛИКАТИВНОСТ НА УПАТСТВОТО*** 2

***III. ОПИС НА ПОСТАПКАТА*** 2

***III. 1 Постапка за поднесување, прием и проследување на Барање за издавање на Решение за ставање на вино во промет*** 2

***III. 2 Постапка за земање на мостри*** 3

***III. 3 Постапка за физичко-хемиска анализа на виното*** 4

***III. 4 Постапка за изготвување, евидентирање и доставување на решението*** 5

## I. Опис на Правен основ

Упатството за начинот на постапување по барања за издавање на Решение за ставање на вино во промет од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (во понатамошен текст: Упатство) се донесува согласно членот 49 став 1 и членот 55 став 1 и врз основа на членот 56 став 3 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11).

Упатството е во согласност со одредбите од Законот за виното ("Службен весник на Република Македонија" бр. 50/10, 53/11, 6/12, 23/13 и 106/13) кои ја уредуваат материјата на ставање на вино во промет (членови 31, 32, 33, 34, 34-а, 35 и 35-а) и се донесува за ефикасно спроведување на Законот за виното, односно постапките за подготовка и издавање на Решение за ставање на вино во промет од страна на органите и телата во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и овластените субјекти согласно законот кои учествуваат во постапката.

## II. Апликативност на упатството

Согласно членовите 31, 32, 33, 34, 34-а, 35 и 35-а од Законот за виното, упатството се применува на следниве постапки од процедурата за издавање на Решение за ставање на вино во промет:

1) Поднесување, прием и проследување на Барање за издавање на Решение за ставање на вино во промет,
2) Земање на мостри од вино,
3) Физичко-хемиска анализа на виното,
4) Изготвување, евидентирање и доставување на решението.

Упатството стапува на сила на денот на неговото потпишување од страна на Министерот и важи во периодот додека не се направат соодветни измени на одредбите од Законот за виното ("Службен весник на Република Македонија" бр. 50/10, 53/11, 6/12, 23/13 и 106/13).

## III. Опис на постапката

### *III. 1 Постапка за поднесување, прием и проследување на Барање за издавање на Решение за ставање на вино во промет*

1. Барањето за издавање на Решение за ставање на вино во промет заверено со административна такса од 250,00 денари го поднесуваат производителите на вино запишани во Регистарот на производители на вино во подрачна единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во која се наоѓа седиштето и/или производниот капацитет на производителот на вино.

2. Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство го објавува образецот „Барање заради издавање на Решение за ставање на виното во промет“ на својата веб страна, а по барање на производителот на вино, Раководителот на одделението на подрачната единица е должен да го обезбеди образецот на барањето.

3. Барањето се поднесува во четири оригинални примероци од кои еден оригинален примерок со заверена административна такса се задржува во подрачната единица каде е поднесено, еден оригинален примерок со заверена административна такса се доставува до Секторот за лозарство, винарство и овоштарство во МЗШВ, еден оригинален примерок задржува барателот и еден оригинален примерок е за надлежниот Инспектор на Државниот инспекторат за земјоделство.

4. По приемот на Барањето, Раководителот на подрачната единица:
- веднаш му доставува еден оригинален примерок од барањето на производителот на вино кој мора да е заведен со број и датa на прием и потпис на Раководителот на одделението на подрачните единици за потврда на приемот оверен со печат,
- веднаш му доставува еден оригинален примерок од барањето на надлежниот Инспектор на Државниот инспекторат за земјоделство, и
- веднаш, но не подоцна од наредниот работен ден по службена пошта во затворено плико со назнака „Барање за Решение за ставање на вино во промет - оригинал“ доставува еден оригинален примерок со заверена административна такса до Секторот за лозарство, винарство и овоштарство во МЗШВ.

5. Целокупната постапка од приемот на барањето до неговото понатамошно проследување, Раководителот на одделението на подрачните единици е должен да ја спроведе истиот работен ден, или наредниот работен ден доколку барањето е доставено по 13:00 часот.

### *III. 2 Постапка за земање на мостри*

1. По прием на примерокот од барањето, надлежниот Инспектор на Државниот инспекторат за земјоделство ја започнува постапката за земање на мостри.

2. Постапката за земање на мостри надлежниот Инспектор на Државниот инспекторат за земјоделство ја спроведува согласно Правилникот за начинот и постапката за земање и чување на мостри заради издавање на решение за ставање на вино во промет и за издавање на придружен документ (“Службен весник на Република Македонија” бр. 79/13).

3. При земањето на мострата од вино надлежниот Инспектор на Државниот инспекторат за земјоделство составува записник во четири примероци од кои еден за барателот на Решение за ставање на виното во промет, еден се приложува со мострата за физичко-хемиска анализа, еден се користи во постапката за издавање на Решение за ставање на виното во промет и еден примерок останува во блокот на државниот инспектор за земјоделство.

4. По земањето на мострата и потпишувањето, архивирањето и оверувањето со печат на записникот, надлежниот Инспектор на Државниот инспекторат за земјоделство:

- веднаш му доставува еден примерок од мострата и еден примерок од записникот на производителот на вино за негови потреби,

- веднаш му доставува два примерока од мострата и еден примерок од записникот на производителот на вино за потребите за спроведување на физичко-хемиска анализа на виното, и

- веднаш му доставува еден примерок од записникот на производителот на вино за потребите за постапката за издавање на Решение за ставање на виното во промет, или веднаш, но не подоцна од наредниот работен ден по службена пошта во затворено плико доставува еден оригинален примерок од записникот до Секторот за лозарство, винарство и овоштарство во МЗШВ.

5. Целокупната постапка од приемот на примерокот на барањето за издавање на Решение за ставање на вино во промет до издавањето на мострата и записникот, надлежниот Инспектор на Државниот инспекторат за земјоделство е должен да ја спроведе во рок од три (3) работни дена.

### *III. 3 Постапка за физичко-хемиска анализа на виното*

1. По приемот на двата примерока од мострата и еден примерок од записникот на Државниот инспекторат за земјоделство, овластената лабораторија ја започнува постапката на физичко-хемиска анализа на виното.

2. Постапката за физичко-хемиска анализа на виното, овластената лабораторија ја спроведува согласно членот 33 од Законот за виното и Правилникот за основните параметри кои се предмет на физичко-хемиска анализа на виното, поблиските услови во однос на просториите и опремата кои треба да ги исполнуваат овластените лаборатории за вршење на физичко-хемиска анализа заради ставање на виното во промет и постапката за издавање на овластувањето за вршење на физичко-хемиска анализа на виното ("Службен весник на Република Македонија" бр. 112/10).

3. По спроведување на физичко-хемиска анализа на виното, овластената лабораторија ги евидентира резултатите од анализата во соодветна форма - Уверение за анализа на виното, кое е соодветно архивирано и заверено со печат.

4. По изготвувањето, архивирањето и оверувањето со печат на Уверението за анализа на виното, овластената лабораторија:

- веднаш му доставува еден примерок од уверението на производителот на вино за негови потреби,

- веднаш му доставува еден примерок од уверението на производителот на вино за потребите на Државниот инспекторат за земјоделство, или веднаш, но не подоцна од наредниот работен ден по службена пошта во затворено плико доставува еден оригинален примерок од уверението до Државниот инспекторат за земјоделство, и

- веднаш му доставува еден примерок од уверението на производителот на вино за потребите за постапката за издавање на Решение за ставање на виното во промет, или веднаш, но не подоцна од наредниот работен ден по службена пошта во затворено плико доставува еден оригинален примерок од уверението до Секторот за лозарство, винарство и овоштарство во МЗШВ..

5. Целокупната постапка од приемот на двата примерока од мострата и еден примерок од записникот на Државниот инспекторат за земјоделство, до издавањето на Уверението за анализа на виното, овластената лабораторија е должна да ја спроведе во рок од три (3) работни дена.

### III. 4 Постапка за изготвување, евидентирање и доставување на решението

1. По приемот на оригинален примерок од барањето за издавање на решение за ставање на виното во промет со заверена административна такса, оригинален примерок од записникот на Државниот инспекторат за земјоделство, оригинален примерок од Уверението за анализа на виното од овластената лабораторија и резултатите за органолептикото оценување на виното од страна на производителот, Секторот за лозарство, винарство и овоштарство ја започнува постапката за изготвување на решение.

2. По обработката на барањето за издавање на решение за ставање на виното во промет и неговата придружна документација, Секторот за лозарство, винарство и овоштарство изготвува решение согласно Законот за виното ("Службен весник на Република Македонија" бр. 50/10, 53/11, 6/12, 23/13 и 106/13) и Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/05, 110/08 и 51/11).

3. По изготвување на решението, Секторот за лозарство, винарство и овоштарство истото веднаш го доставува на потпишување до Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

4. По потпишувањето на решението, Кабинетот на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, потпишаното решение веднаш го доставува до Секторот за лозарство, винарство и овоштарство.

5. Секторот за лозарство, винарство и овоштарство потпишаното решение го заведува во Уписник за предметите од првостепена управна постапка (Уп I) согласно Правилникот за содржината, начинот и формата на водење евиденција на управната статистика, како и содржината на извештаите од управната статистика ("Службен весник на Република Македонија" бр. 2/09).

6. По заведување на решението во Уп I истото веднаш лично се врачува на производителот на вино или веднаш, но не подоцна од наредниот работен ден, се доставува по пошта по пат на препорашана поштенска пратка.

7. Целокупната постапка од приемот на барањето за издавање на решение за ставање на виното во промет и неговата придружна документација до издавањето на решението до производителот на вино, министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е должно да ја спроведе во рок од три (3) работни дена, освен во случај кога барањето се враќа на доработка, во кој случај се применуваат роковите од одредбите на Законот за општа управна постапка.